PHILIPS

Звучник

TAVS300



# Корисничко упатство

Регистрирајте го вашиот производ и добијте поддршка на
www.philips.com/welcome

# Содржина

1 Важно ... 2
Важни безбедносни упатства ... 2
Безбедносни предупредувања за батерија ... 2
Напомена ... 2

2 Вашиот Bluetooth звучник ... 4
Вовед ... 4
Што има во кутијата ... 4
Преглед на главната единица ... 4

3 Почетни чекори ... 5
Вградени батерии ... 5
Вклучување/исклучување ... 5

4 Репродукција ... 6
Репродуцирање од Bluetooth уред ... 6
Репродуцирање од надворешен уред ... 6
Контрола на повторно пуштање ... 6

5 Информации за производот ... 7

6 Решавање проблеми ... 8

# 1 Важно

## Важни безбедносни упатства

- Звучникот не треба да биде изложен на капење или прскање.
- Не ставајте никаков извор на опасност врз звучникотт (на пр. предмети наполнети со течност, запалени свеќи).
- Уверете се дека има доволно слободен простор околу звучникот за вентилација.
- Користете го звучникот безбедно во околина со температура помеѓу 0° и 45°.
- Користете само додатоци и прибор наведени од производителот.

## Безбедносни предупредувања за батерија

- Опасност од експлозија ако батеријата е неправилно заменета. Заменете само со ист или со еквивалентен тип.
- Батеријата (пакување батерии или инсталираната батерија) не треба да се изложува на прекумерна топлина како што е сончева светлина, оган и слично.
- Батеријата при екстремно високи или ниски температури во текот на употребата, складирањето или транспортот, и нискиот воздушен притисок на голема височина може да претставува ризик по безбедноста.
- Не заменувајте батерија со несоодветен вид што може да ја наруши заштитата (на пример, некои видови литиумски батерии).
- Фрлање батерија во оган или жешка рерна, механичко дробење или сечење на батеријата може да доведе до експлозија.
- Оставање на батеријата во опкружување со екстремно висока температура, или со екстремно низок воздушен притисок може да доведе со експлозија или истекување на запалива течност или гас.

**Предупредување**

- Никогаш не вадете го куќиштето на овој звучник.
- Никогаш не подмачкувајте ниту еден дел од овој звучник.
- Поставете го звучникот на рамна, тврда и стабилна површина.
- Никогаш не поставувајте го овој звучник над друга електрична опрема.
- Овој звучник смее да се користи само во затворен простор. Чувајте го звучникот подалеку од вода, влага и предмети наполнети со течност.
- Чувајте го звучникот подалеку од директна сончева светлина, отворен пламен или топлина.
- Ризик од експлозија ако батеријата се замени со несоодветен вид

## Напомена

Со ова, TP Vision Europe B.V. изјавува дека овој звучник е во согласност со основните барања и другите релевантни одредби содржани во Директивата 2014/53/ЕУ.
Изјавата за сообразност може да ја најдете на www.philips.com/support.

Овој звучник е дизајниран и произведен од високо квалитетни материјали и компоненти, коишто може да се рециклираат и повторно употребуваат.

Кога на производот е прикачен овој симбол со прецртана канта за отпад, тоа значи дека производот е опфатен со европската Директива 2012/19/ЕУ.
Информирајте се за посебниот локален систем за собирање електрични и електронски производи.

Постапувајте во согласност со вашите локални правила и не фрлајте ги старите производи во обичниот отпад од домаќинството. Правилното фрлање на стари производи ќе помогне во спречување на потенцијалните негативни последици врз животната средина и човековото здравје.



Вашиот звучник содржи батерии опфатени со европската Директива 2013/56/ЕУ, кои не смеат да се фрлаат во вообичаениот отпад од домаќинства. Информирајте се за локалните правила за посебно собирање батерии, бидејќи правилното фрлање ќе помогне во спречување на негативните последици врз животната средина и човековото здравје.

**Внимание**

- Вадењето на вградените батерии ја поништува гаранцијата и може да го уништи звучникот.

Секогаш носете го звучникот кај стручно лице за да ги отстрани вградените батерии.



## Информации за животната средина

Избегнато е секакво непотребно пакување. Се обидовме да направиме пакувањето да биде лесно да се издвои на три материјали: картон (кутија), полистиренска пена (заштитник) и полиетилен (торбички и лист од заштитна пена).

Вашиот звучник содржи материјали кои може да бидат рециклирани и повторно искористени ако се издвојат од специјализирана компанија. Почитувајте ги локалните прописи во врска со фрлање на материјалите за пакување, истрошени батерии и стара опрема.

**Напомена**

- Овој вид плоча се наоѓа на задната страна од звучникот.

# 2 Вашиот Bluetooth звучник

Ви честитаме на купувањето и добре дојдовте во Philips! За целосна корист од поддршката што ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот звучник на www.philips.com/welcome.

## Вовед

Со овој звучник, може да уживате во аудио од компатибилни Bluetooth уреди или други аудио уреди.

## Што има во кутијата

Проверете ја и одредете ја содржината на вашето пакување:

- Главна единица
- УСБ-кабел
- Аудио кабел
- Водич за брз почеток
- Меѓународна гаранција

## Преглед на главната единица




1. ⏻
   - Вклучување/Исклучување на звучникот
2. ✱ (Bluetooth)
   - Избирање функција
   - Поврзување/исклучување Bluetooth спарување
3. ►❚❚
   - Почнување, паузирање или продолжување репродукција
   - Прескокнување на следна нумера
4. Зголемување/намалување јачина на звук
5. **5 V ⎓ 2 A**
   - Поврзување УСБ-кабел
6. AUX IN
   - Поврзување надворешен аудио уред

# 3 Почетни чекори

**Внимание**

- Користењето на контролите или прилагодувањата или извршувањето на постапки поинакви од оние наведени овде може да предизвикаат опасно зрачење.

Секогаш следете ги упатствата во ова поглавје еднoподруго.
Доколку контактирате со Philips, од вас ќе се побара моделот и серискиот број на звучникот. Бројот на модел и серискиот број се на задниот дел од звучникот. Запишете ги броевите овде:
Број на модел __________________________
Сериски број ___________________________

## Вградени батерии

Звучникот може да работи на вградени батерии кои повторно се полнат.

- Кога звучникот е вклучен и батериите се слаби, трепка „⏻“.

### Полнење на вградените батерии:

1 Поврзете еден крај од УСБ-кабелот на **5 V ⎓ 2 A** приклучок на звучникот.

2 Поврзете го другиот крај од УСБ-кабелот на излез (**5 V ⎓ 2 A**).




- Кога звучникот се полни, „⏻“ светло е вклучено.
- Кога батериите се полни, „⏻“ светло е исклучено.

**Внимание**

- Ризик од оштетување на звучникот! Уверете се дека напонот за електрично напојување одговара на напонот отпечатен на задната или долната страна на звучникот.
- Ризик од струен удар! Кога го исклучувате УСБ-кабелот, секогаш извлекувајте го приклучокот од приклучницата. Никогаш не влечете го кабелот.
- Користете само УСБ-кабел наведен од производителот или купен со овој звучник.

## Вклучување/исклучување

Притиснете го копчето ⏻ за да го вклучите или исклучите звучникот.

- Звучникот ви дава звук за потсетник кога е вклучен.
- Ако ништо не е вклучено во приклучокот AUX IN, „ᛒ“ трепка.

### Автоматско исклучување на звучникот:

Звучникот се исклучува автоматски во следниве ситуации:

- Во Bluetooth режим: нема аудио сигнал од Bluetooth уред повеќе од 15 минути.
- Во AUX IN режим: нема поврзан аудио уред повеќе од 15 минути.

# 4 Репродукција

## Репродуцирање од Bluetooth уред

Може да пренесувате аудио од уред на овој звучник со користење на Bluetooth поврзување.

**Напомена**

- Уверете се дека сте го вклучиле Bluetooth за уредот да може да се открие пред спарувањето.
- Звучникот и уредот мора да се ставени во рамки од 10 метри оддалеченост за откривање Bluetooth.

1 Притиснете го копчето ᛒ на звучникот.
   - „ᛒ“ трепка сино да дозволи безжично поврзување.
   - Bluetooth е автоматски овозможен на звучникот ако ништо не е вклучено во AUX IN приклучокот.

2 На Bluetooth уредот, вклучете Bluetooth за да може да се открие.

3 Изберете „Philips VS300“ на уредот за спарување.
   - За постар уред, внесете лозинка за спарување 0000.
   - „ᛒ“ светло станува постојано сино кога поврзувањето е успешно.

4 Притиснете го копчето ► на Bluetooth уредот да започне со пренесување музика.

## Исклучување спарување со Bluetooth

- Притиснете го и задржете го копчето ᛒ 2 секунди или повеќе, додека „ᛒ“ трепка.

## Репродуцирање од надворешен уред

Може да слушате музика од надворешен аудио уред на звучникот.

1 Поврзете аудио кабел на AUX IN приклучокот на звучникот и приклучокот за слушалки на надворешниот уред.
   - Звучникот тогаш се префрла во AUX IN режим.
   - „ᛒ“ светлот се исклучува.




2 Притиснете го копчето ► на надворешниот уред да започне пренесување музика.

## Контрола на повторно пуштање

Во тек на репродукција

- Вртете го копчето за јачина на звук да ја зголемувате/намалувате јачината на звук.
- Притиснете го копчето ►❚❚ да репродуцирате/паузирате. Брзо притиснете го копчето ►❚❚ два пати да прескокнете на следната нумера.
   - Работи само во Bluetooth режим.

# 5 Информации за производот

**Напомена**

- Информациите за производот се предмет на промена без претходно известување.

## Општи информации

| | |
|---|---|
| Потребно електрично напојување | 5 V ⎓ 2 A |
| Литиумска батерија | 3,7 V ⎓ 2200 mAh |
| Димензии (Ш x В x Д): | 110,5 x 87,5 x 53 мм |
| Тежина (главна единица) | 2,75 kg |

## Засилувач

| | |
|---|---|
| Излезна моќност | 4 W |
| Фреквенциски опсег | 100 - 20000 Hz |
| Однос сигнал-шум | > 70 dB |

## Звучници

| | |
|---|---|
| Импеданса на звучник | 4 Ω |
| Максимална влезна моќ на звучник | 4 W |
| Двигател на звучник | 1.75" целосен опсег |

## Bluetooth

| | |
|---|---|
| Верзија на Bluetooth | 5.0 |
| Фреквенциски опсег | 2402 - 2480 MHz |
| Максимална пренесувана моќност | 5 dBm |
| Максимален комуникациски опсег | приближ. 10 м |
| Компатибилни профили на Bluetooth | A2DP |

# 6 Решавање проблеми

**Предупредување**

- Никогаш не вадете го куќиштето на овој звучник.

За гаранцијата да биде важечка, никогаш не обидувајте се самите да го поправате звучникот.
Ако се соочувате со проблеми кога го користите овој звучник, проверете ги следниве ставки пред барањето сервис. Ако проблемот остане нерешен, одете на веб-локацијата на Philips (www.philips.com/welcome). Кога ќе го контактирате Philips, уверете се дека звучникот е во близина и дека се достапни бројот на модел и серискиот број.

## Нема напојување

- Уверете се дека звучникот е целосно наполнет.
- Уверете се дека УСБ приклучокот на звучникот е правилно поврзан.
- Како карактеристика за заштеда на енергија, звучникот се исклучува автоматски 15 минути откако нема да прима аудио сигнал или нема поврзан аудио уред.

## Нема звук

- Прилагодете ја јачината на звук.

## Нема одговор од звучникот

- Рестартирајте го звучникот.

## Репродукцијата на музика е недостапна на овој звучник дури и по успешно Bluetooth поврзување

- Уредот не може да се користи да безжично да репродуцира музика преку овој звучник.

## Аудио квалитетот е слаб по поврзувањето со уред со овозможен Bluetooth

- Bluetooth приемот е слаб. Приближете го уредот поблиску до звучникот или отстранете какви било пречки помеѓу нив.

## Не може да се поврзе на овој звучник

- Уредот не ги поддржува профилите потребни за звучникот.
- Функцијата Bluetooth на звучникот не е овозможена. Погледнете го корисничкото упатство за звучникот да дознаете како да ја овозможите функцијата.
- Овој звучник не е во режим на спарување.
- Овој звучник веќе е поврзан на друг уред со овозможен Bluetooth. Исклучете го уредот, а потоа обидете се повторно.

Philips и Philips Shield Emblem се регистрирани заштитни знаци на
Koninklijke Philips N.V. и се користат под лиценца.
Овој производ е изработен од и се продава под одговорност на
TP Vision Europe B.V. или една од неговите подружници и TP Vision
Europe B.V. е гарант во врска со овој производ.

TAVS300_00_UM_V1.0